**Општина Радовиш**
број 35-723 / 5
дата 12.04.2023 год.

**До**
Институт за истражување и анализа на политики
РОМАЛИТИКО Скопје
Ул. Мајаковски бр.12/1-18
1000 Скопје
e-mail: info@romalitico.org

**Предмет:** Одговор по барање наш бр. 35-723/1 од 07.04.2023 година
ваш бр.0302-76/7 од 06.04.2023 година

Во врска со вашето барање за слободен пристап на информации од јавен карактер, а по претходно постапување со Секторот за урбанизам, комунални дејности, ЗЖС и ЛЕР, ЕЛС Општина Радовиш, Ве информираме:

1. Дали во новиот усвоен буџет за 2023 година има посебно издвоен буџет за Роми или предвидени активности во ромските населби?
2. Електронска копија од усвоен буџет на општината за 2023 година и образложение за предвидени активности.
3. Дали во новиот усвоен буџет за 2023 година се инкорпорирани следниве предлози доставени од Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје?
   - Решавање на проблемот со атмосферските води на м.в Корито/Порој изведба на канал, воспоставување на соодветна инфраструктура за приклучок до канализациона мрежа и бетонирање/асфалтирање на улицата.
   - Бетонирање на улица во должина од 70м Коџа Баир (нас Шаин Маало)

**Одговор:**

1. Во новиот усвоен буџет за 2023 година има посебно издвоен буџет за Роми, односно поставување на 70 соларни светилки во населба Шаин Маале, Радовиш.
2. Во прилог доставувам линк до усвоен Буџет на општина Радовиш за 2023 година https://radovis.gov.mk/wp-content/uploads/2023/01/Budjet-2023.pdf
3. Решавање на проблемот со атмосферските води на м.в.Корито/Порој изведба на канал, воспоставување на соодветна инфраструктура за приклучок на канализациона мрежа и бетонирање/асфалтирање на улица – ова е дел од освоениот Буџет на општина Радовиш за 2023 година и Програмите на Секторот за урбанизам, комунални дејности, ЗЖС и ЛЕР, во делот на проектирање. Бетонирање на улица во должина од 70м Коџа Баир (нас Шаин Маало) не е планирана и инкорпорирана во усвоениот Буџет за 2023 година на општина Радовиш.

Со почит,

**Овластено лице од**
**Имателот на информации**
**во општина Радовиш**
**Весна Конзулова**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН ОРГАН
ОПШТИНА РАДОВИШ

# ОПШТИНА РАДОВИШ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАДОВИШ
Бр. 35-723/4
12.04 2023 год
Радовиш

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/15), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот **Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје**, со наш архивски број 35-723/1 од 07.04.2023 година, Општина Радовиш го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Барањето од Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје, **СЕ УВАЖУВА.**
2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер, а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на барателот Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје, со наш архивски број 35-723/1 од 07.04.2023 година Општина Радовиш **со ова Решение го уважи Барањето.**

По претходно постапување со Секторот за урбанизам, комунални дејности, ЗЖС и ЛЕР, ЕЛС Општина Радовиш,

Во новиот усвоен буџет за 2023 година има посебно издвоен буџет за Роми, односно поставување на 70 соларни светилки во населба Шаин Маале, Радовиш; Во прилог на ова Решение е линк до Усвоениот Буџет на Општина Радовиш за 2023 година и истиот ќе биде испратен на е-маил: info@romalitico.org;

Решавање на проблемот со атмосферските води на м.в.Корито/Пороj изведба на канал, воспоставување на соодветна инфраструктура за приклучок на канализациона мрежа и бетонирање/асфалтирање на улица – ова е дел од освоениот Буџет на општина Радовиш за 2023 година и Програмите на Секторот за урбанизам, комунални дејности, ЗЖС и ЛЕР, во делот на проектирање. Бетонирање на улица во должина од 70м Коџа Баир (нас Шаин Маало) не е планирана и инкорпорирана во усвоениот Буџет за 2023 година на општина Радовиш.

Согласно наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер - во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Овластено лице од
Имателот на информации
во општина Радовиш
Весна Конзулова

**ОПШТИНА РАДОВИШ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ацо Ристов**